ДРУШТВО ЗА ЗАВРШНИ И ЗАНАЕТЧИСКИ РАБОТИ ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО Обел Камчев ДООЕЛ
Бр. 06-04/21
23.09.2021
ШТИП

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Средно општинско училиште Гимназија
"Славчо Стојменски" Ц.С.
Бр. 05-300/28
27.9.2021 год.
ШТИП

# ДОГОВОР

**Целосна реконструкција на санитарни јазли на училиштето СОУ Славчо Стојменски-Штип**

1. **СОУ Славчо Стојменски - Штип,** ул. „Васил Главинов" бр. 4 Штип, ЕДБ 4029965111282, ЕМБ 4051246, жиро сметка 774010696390312, претставувана од В.Д Директор Тамер Јамаковски, како договорен орган и
2. **Друштво за завршни и занаетчиски работи во градежништвото ОБЕЛ Камчев ДООЕЛ Штип**, со седиште на ул. Јоаким Стојков бр. 22, со ЕМБС 5111234, со ЕДБ 4029996100785 застапувано од управителот Ванчо Камчев, (во понатамошниот текст „Носител на набавката") од друга страна.

## II. ДЕФИНИЦИИ (ОБЈАСНУВАЊЕ НА ПОИМИТЕ)

Член 1

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следното значење:

**„Нарачувач"** е Договорен орган кој стекнал право на градење, а во чие име и за чија сметка се гради градба и го ангажирал Носителот на набавката како Изведувач за извршување на работите.

**„Изведувач"**,односно, „Носител на набавката" е регистрирано физичко лице или правно лице, односно, Понудувач чија понуда е избрана за најповолна за изведување на работите од страна на Нарачувачот, односно Договорниот орган.

**„Понуда на Изведувачот"** е комплетирана понудена документација поднесена од Изведувачот до Нарачувачот.

**„Надзор на градба"** е правно лице кое има соодветни лиценци за надзор на изведување на работи или физичко лице со соодветни овластувања, за вршење на надзор на изведување на работи, назначено од Нарачувачот да врши надзор на градба, за што Изведувачот е писмено известен.

**„Градба"** е се што настанало со изградба и е поврзано со земјиштето, а претставува физичка, техничко - технолошка и градежна целина заедно со изградените инсталации, односно, опрема. Градбата се до нејзиното запишување во јавната книга на недвижности претставува прирасток и припадок на земјиштето.

**„Градење"** е изведување на претходни работи, изработка на проектна документација, подготвителни работи, изградба на нова градба, реконструкција и адаптација на постојна градба што опфаќа: земјани работи, изведување на градежна конструкција, градежно- инсталатерски работи, градежно- завршни работи, вградување постројки или опрема и други работи со кои се оформува целината на градбата.

**„Привремена градба"** е градба изведена за потребите на градилиштето, за примена на соодветна технологија на изградбата, за потребите на одржување на саеми, јавни манифестации и слично.

**„Реконструкција"** е изведување на работи на постојна градба со кои се влијае врз исполнувањето на основните барања за градбата и со кои се менува усогласеноста на градбата со проектот, според кои е изградена, со изведување на доградба, надградба, менување на фасада, изведување на работи за пренамена на дел на градбата, промена на технолошки процес, санација на конструктивни елементи и слично.

**„Адаптација"** е изведување на работи во внатрешноста на постојна градба со што не се менуваат конструктивните елементи на градбата.

**„Употреба на градежен објект"** е вршење активности во градежен објект согласно со неговата намена утврдена со решението за локациски услови и основниот проект.